Македонска
Кошаркарска
Федерација

**Здружение на клубови – Прва Лига Мажи**
**Здружение на клубови – Прва Лига Жени**
**Здружение на клубови – Втора Лига Мажи**
**Здружение на клубови – Трета Лига Мажи**

# БИЛТЕН

***НА СЕНИОРСКИТЕ КОШАРКАРСКИ ЛИГИ НА МАКЕДОНИЈА***

***СЕЗОНА 2017/2018***

| | |
|---|---|
| Број | **01** |
| Датум | **13.10.2017** |
| **www.basketball.org.mk** | |

Билтенот е официјално гласило на канцеларијата на Сениорските Лиги на МКФ

| ПРВА ЛИГА МАЖИ | РЕГИСТРИРАЊЕ НАТПРЕВАРИ | КОЛО 01 07.10.2017 |
|---|---|---|

*Врз основа на член 13 од Правилникот за натпреварување, согласно член 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62 и 63 од Пропозициите за натпреварување на МКФ, Комесарот за натпреварување на* ***ден 13.10.2017*** *год., Комесарот за натпреварување ги разгледа извештаите на службените лица од одиграните натпревари од* ***01-то коло ПРВА ЛИГА МАЖИ.*** *Од увидот во извештаите и документацијата, констатирано е следното:*

| шифра | Натпревар | 1/4 | 2/4 | 3/4 | 4/4 | пр. 1 | пр. 2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1М/01** | **ПЕЛИСТЕР - ШКУПИ** | 23-19 | 14-18 | 19-16 | 24-20 | | |

| делегат | судија 1 | судија 2 | судија 3 | конечен резултат |
|---|---|---|---|---|
| Божиновски И. | Цветаноски В. | Лазов Б. | Панов Т. | **80 – 73** |

Забелешки

Записничката маса не е подигната на подиум. Нема разгласен уред за претставување на екипите. Записничката маса и гостинската клупа не се заштитени со плексиглас. На задната страна на дресовите на двете екипи не се испишани презимиња. Тренерот на гостинската екипа облечен несоодветно. Двајца играчи на КК Шкупи настапиле со рзлични стегаци односно хеланки на нозете. На натпреварот имало мал број на гледачи кои навивале коректно. Во четвртата четвртина во салата почало да влегува поголем број на публика дојдена за ревијален натпревар кој следел после кошаркарскиот, при што на 1.33 сек. до крајот на натпреварот почнале да навиваат навредливо на национална основа против гостинската екипа. Натпреварот бил прекинат и со интервенција на домаќинот и комесарот за безбедност неспортското навивање престаналои натпреварот продолжил и завршил без никакви проблеми.
Останатото без забелешки од страна на обете екипи и службените лица.

| Шифра | Натпревар | 1/4 | 2/4 | 3/4 | 4/4 | пр. 1 | пр. 2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1М/02** | **ФЕНИ ИНДУСТРИ - ГОСТИВАР** | 21-25 | 24-25 | 24-17 | 23-29 | | |

| делегат | судија 1 | судија 2 | судија 3 | конечен резултат |
|---|---|---|---|---|
| Ангелов Т. | Цветаноски В. | Давидов А. | Михајловиќ В. | **92 - 96** |

Забелешки

Двајца играчи на гостинската екипа со различна боја на чорапи од останатите. Нема светлосна сигнализација за истек на крај на период и крај на натпревар. Домашниот тренер несоодветно облечен. Пријавната листа на домашната екипа без печат.
Останатото без забелешки од страна на обете екипи и службените лица.

| Шифра | натпревар | 1/4 | 2/4 | 3/4 | 4/4 | пр. 1 | пр. 2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1М/03** | **СТРУМИЦА – АВ ОХРИД** | 18-28 | 26-20 | 15-25 | 17-17 | | |

| Делегат | судија 1 | судија 2 | судија 3 | Конечен резултат |
|---|---|---|---|---|
| Терзовски Д. | Феревски А. | Бошковски Г. | Антовски Б. | **76 – 90** |

Забелешки

На семафорот на дисплејот некои сијалички слабо светат и тешко се читаат. Оваа неправилност да се отстрани.
Досудена Т.Г. на тренерот на КК АВ Охрид Чочороски П. поради влегување во терен, по опомена од страна на судиите.
Останатото без забелешки од страна на обете екипи и службените лица.

| Шифра | натпревар | 1/4 | 2/4 | 3/4 | 4/4 | пр. 1 | пр. 2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1М/04** | **КОЖУВ – БЛОКОТЕХНА** | 20-24 | 14-35 | 12-17 | 10-23 | | |

| делегат | судија 1 | судија 2 | судија 3 | конечен резултат |
|---|---|---|---|---|
| Хорват С. | Павлов А. | Јанков Р. | Стојчевски С. | **56 - 99** |

Забелешки

Без забелешки од страна на обете екипи и службените лица.

| Шифра | натпревар | 1/4 | 2/4 | 3/4 | 4/4 | пр. 1 | пр. 2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1М/05** | **КУМАНОВО 2009 - РАБОТНИЧКИ** | 24-16 | 27-21 | 15-24 | 15-20 | 07-10 | |

| Делегат | судија 1 | судија 2 | судија 3 | Конечен резултат |
|---|---|---|---|---|
| Тодоровски М. | Феревски А. | Мијалковски И. | Давидов А. | **88 - 91** |

Забелешки

Во соблекувалната на сл.лица нема доволно столчиња и закачалки.Поради лоши услови за играње (лоша состојба на паркетот) гостинската екипа барала да се одложи натпреварот, но со неколку дополнителни разговори и преговори и со потпишување на согласност за одигрување на натпреварот натпреварот започнал со 10 минутно задоцнување. Паркетот во салата во многу лоша состојба има 5 критични места каде може некој да се повреди и тешко се контролирала топката. Во салата осветлувањето слабо. Нема соодветна ограда помеѓу линијата за ограничување од 2 метри, каде се разделени трибините за седење на публиката. Екипата на КК Куманово со различни хеланки на своите играчи. Екипата на КК Работнички нема лого на МКФ. Неспортско навивање кон противнички играч од навивачите на КК Куманово 2009. Плукање на неодговорен гледач, на играч на КК работнички при изведување на аут позади бочните линии,опоменати преку разглас. На неколку наврати фрлени метални пари, како и фрлање на меки предмети и семки при што публиката била повторно опомената. Во салата имало доволен број редари и полиција кои придонеле за безбедна организација на натпреварот како и безбедно напуштање на салата на сл.лица и гостинската екипа.
Останатото без забелешки од страна на обете екипи и службените лица.

| Шифра | натпревар | 1/4 | 2/4 | 3/4 | 4/4 | пр. 1 | пр. 2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1М/06** | **МЗТ СКОПЈЕ АЕРОДРОМ–КАРПОШ СОКОЛИ 2000** | 16-22 | 17-27 | 26-21 | 24-15 | | |

| делегат | судија 1 | судија 2 | судија 3 | конечен резултат |
|---|---|---|---|---|
| Николовски З. | Милојевиќ А. | Павлов А. | Антовски Б. | **83 - 85** |

Забелешки

Досудена Т.Г. на тренерот на КК К.Соколи 2000 Даскаловски Б. поради приговор на судиска одлука.
Останатото без забелешки од страна на обете екипи и службените лица.

| ПРВА ЛИГА МАЖИ | ОДЛУКИ | КОЛО 01 07.10.2017 |
|---|---|---|

| | |
|---|---|
| 01. | Одиграните натпревари се регистрираат со постигнатите резултати. |
| 02. | Се опоменува екипата на КК Пелистер во иднина да ги доведе во ред техничките уреди во салата и опремата на своите играчи. |
| 03. | Се опоменува екипата на КК Шкупи во иднина да ја доведе во ред опремата на своите играчи. |
| 04. | Екипата на КК Пелистер за неспортско, националистичко навивање по член 54.6 се казнува со парична казна во износ од **30.000,00 денари** |
| 05. | Се опоменува екипата на КК Фени Индустри во иднина да ги доведе во ред техничките уреди во салата и опремата на своите играчи. |
| 06. | Се опоменува екипата на КК Гостивар во иднина да ја доведе во ред опремата на своите играчи. |
| 07. | Тренерот на КК АВ Охрид Чочороски П.за досудена Т.Г. по член 55.2 се казнува со парична казна во износ од **4.000,00 денари** |
| 08. | Се опоменува екипата на КК Куманово во иднина да ги доведе во ред техничките уреди во салата и опремата на своите играчи. (да се доведе во ред паркетот во салата , во спротивно нема да се дозволи настап на екипата на КК Куманово 2009 како домаќин во таа сала). |
| 09. | Се опоменува екипата на КК Работнички во иднина да ја доведе во ред опремата на своите играчи. |
| 10. | Екипата на КК Куманово 2009 за фрлање на меки предмети по член 54.2 се казнува со парична казна во износ од **5.000,00 денари** |
| 11. | Екипата на КК Куманово 2009 за фрлање на тврди предмети по член 54.3 се казнува со парична казна во износ од **30.000,00 денари** |
| 12. | Екипата на КК Куманово 2009 за неспортско навивање по член 54.5 се казнува со парична казна во износ од **20.000,00 денари** |
| 13. | Екипата на КК Куманово 2009 за плукање на играчи по член 54.5 се казнува со парична казна во износ од **40.000,00 денари** |
| 14. | Тренерот на КК К.Соколи 2000 Даскаловски Б. за досудена Т.Г. по член 55.2 се казнува со парична казна во износ од **4.000,00 денари** |
| | **За изречените казни ке бидат доставени фактури со рок на плаќање наведен во фактурата.**<br>Комесар за натпреварување<br>Владо Цветковски |

**ТАБЕЛА ПРВА ЛИГА МАЖИ**

| # | екипа | он | поб | пор | Кд | кп | кр | бод |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Блокотехна | 1 | 1 | 0 | 99 | 56 | 41 | 2 |
| 2 | АВ Охрид | 1 | 1 | 0 | 90 | 76 | 14 | 2 |
| 3 | Пелистер | 1 | 1 | 0 | 80 | 73 | 7 | 2 |
| 4 | Гостивар | 1 | 1 | 0 | 96 | 92 | 4 | 2 |
| 5 | Работнички | 1 | 1 | 0 | 91 | 88 | 3 | 2 |
| 6 | К.Соколи 2000 | 1 | 1 | 0 | 85 | 83 | 2 | 2 |
| 7 | МЗТ Скопје А. | 1 | 0 | 1 | 83 | 85 | -2 | 1 |
| 8 | Кумново 2009 | 1 | 0 | 1 | 88 | 91 | -3 | 1 |
| 9 | Фени Индустри | 1 | 0 | 1 | 92 | 96 | -4 | 1 |
| 10 | Шкупи | 1 | 0 | 1 | 73 | 80 | -7 | 1 |
| 11 | Струмица | 1 | 0 | 1 | 76 | 90 | -14 | 1 |
| 12 | Кожув | 1 | 0 | 1 | 56 | 99 | -41 | 1 |